РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 11.04.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1733/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по Претставка бр. 03-08 од 20.03.2025 година

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 19 март 2025 година, издание на емисијата „Само вистина" 18:40:23 – 19:44:10

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11.04.2025 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 47-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

   – **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на забранетите дискриминаторски основи).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор извршен по Претставка поднесена од граѓанин бр. 03-08 од 20.03.2025 година врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 март 2025 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на начелата за вршење на дејноста од член 47-а и на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Предмет на надзор беше изданието на актуелно-информативната програма „Само вистина", премиерно емитувано на програмата на ТВ Канал 5 на 19 март со почеток во 18 часот и 40 минути со водителот Александар Видиновски.

Од аспект на жанровска класификација, согласно „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми[1]“, анализираното издание на емисијата „Само вистина“ претставува актуелно-информативна програма, таа е програмска целина, примарно наменета да известува и/или да анализира во врска со актуелни или со реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени настани, случувања и теми. Емисијата „Само вистина“ е во продукција на ТВ Канал 5 и се емитува секој работен ден во 18:40 часот. Изданието на 19 февруари беше најавено како дебата помеѓу заменик-претседателот на Владата и министер за односи меѓу заедниците Иван Стоилковиќ и новинарот Љубомир Гајдов, меѓутоа поради отсуството на Иван Стоилковиќ, ова издание беше реализирано како интервју со новинарот Љубомир Гајдов. Во текот на емисијата беше емитувана и Прес-конференција на портпаролката на Владата, Марија Митева, која ја информираше јавноста за заклучоците на Владата и препораките до сите институции и граѓани во врска со трагичниот настан во Кочани и предвидените мерки и протоколи за безбедност при известување од погребот на жртвите.

Новинарот Љубомир Гајдов често гостува во „Само вистина“, а во ова издание беше повикан да даде свој став и коментар за актуелните општествено – политички случувања, со главен акцент на пожарот во дискотеката Пулс во Кочани што се случи на 16 март, и во кој имаше голем број загинати и повредени лица. Емисијата започна со прашања зошто толку често во нашето општество ни се случуваат трагични несреќи со тешки последици, кој е одговорен за актуелната ситуација во државата и за тоа како се справува актуелната извршна власт со утврдувањето на одговорност за несреќата во Кочани.

Љубомир Гајдов ја анализираше општествено политичката состојба во државата од поширок аспект, разгледувајќи ги и историските околности во кои се наоѓала државата, како и влијанието од регионот на внатрешно политичките случувања. Критиката генерално беше насочена кон неодговорното однесување на сите власти од осамостојувањето на Македонија и неказнивоста која се провлекува речиси 35 години.

Во писмената иницијатива која пристигна до Агенцијата, подносителот посочува на две изјави на водителот Александар Видиновски со кои смета дека се изнесени „*низа стереотипи и навредливи тврдења за Османлиското Царство и за етничките Турци.*“ Дополнително подносителот смета дека цитираните изјави се во спротивност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

1. *„Македонците биле робови на Турците многу години, и дека дури и по ослободувањето продолжиле со лошите навики на Турците“.*
2. *„Турците ги паркирале коњите каде што сакале, влегувале во кафеани удирајќи на вратите со нозе и не ги плаќале пијалоците и храната што ги конзумирале, како нашите политичари“.*

<u>За да биде појасен целиот контекст за содржината за која реагира подносителот, во продолжение проследуваме транскрипт од сегментот од емисијата на кој се однесува претставката:</u>

(*19:36:33 – 19:39:33) Александар Видиновски: Зборуваме за капацитетот на менување и кај политичарите, на начинот на кој што функционираат, меѓутоа и на граѓаните, бидејќи повторно ќе кажам, холистичка промена, јас треба да се променам и вие треба да се промените, ова најискрено го кажувам.*

*Мислам, се потсетив овие денови на еден текст, многу добар, на еден хрватски писател, му го заборавив името сега, но сега не е битно, каде што вели дека сите народи кои што биле многу долго време под ропство, кога ќе се ослободат, својата слобода ја манифестираат на начинот на кој што биле поробувани. Са други зборови, сите ние овдека кој што сме биле под Турско, кога сме се ослободиле, некој*

[1] Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, 2014 година, достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

*порано, некој подоцна, својата слобода ја манифестираме на начин на кој што нашите поробувачи се однесувале кон нас. Значи Турците кога владееле, си го паркира коњот кај сака, со нога влегува во кафана, донеси ми не знам што таму за јадење, така со заповеднички тон, ако сакам да платам, ќе платам, ако не, ќе направам комбинација да не платам, читајте однесувањето на некои политичари, додека овие што биле под Австро-Унгарија, тие сакале да бидат исто како Австроунгарците, вецињата да им бидат чисти, возовите да им бидат на време, и така се отсликува како култура на дејствување на овие општества.*

*Меѓутоа тоа веќе не може да постои! Има многу време поминато, треба промени. Затоа ве прашувам повеќе пати, силата каде да ја најдеме тоа да го смениме?*

*Љубомир Гајдов: Еве што е. Луѓето ретко се менуваат сами од себе, со автосугестија. Сакам од денеска да бидам чесен и паметен. Тоа нема. Тоа се случува само во манастир. Јас сум држел школи за менаџмент во два манастира и сум видел како се превоспитуваат и монахињите и монасите. Со молитва, со постење, со саможртва. Тоа не можам да очекувам од политичарите. Тоа е далеку од памет. Меѓутоа, од надворешен притисок, од отчетност, зошто кога ќе не напикаат, се извинувам на изразот во Европска унија, таму се знае кои се вредности, кои се мерила, кои се стандарди. И по тие ќе ве мерат. Дали плукате на улица, дали поминувате на пешачки премин или кај ќе ви текне, дали автото ќе го паркирате во тревник.*

*Александар Видиновски: Ние не велиме овој е криминалец, украде или ги прекрши правилата, велиме човеков итар, се снајде.*

*Љубомир Гајдов: Се снашол. Пазете, читам деновиве дека во општина Центар, барем се памтам тоа, дека ќе се воведе брзина 30 километри на час. Ама зошто не им текна пред да ја отепаат онаа малана мома кај Универзална сала?*

Согласно Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“ на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, секое ограничување на слободата на изразување треба да биде резултат на мониторинг кој „треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај... цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку и давајќи објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество“[2]. Ова значи дека, **со цел да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.**

За да одговориме на овие прашања, проследуваме преглед на македонската и на меѓународната регулаторна рамка и на судската пракса на ЕСЧП, релевантна за оценувањето дали во емисијата „Само вистина“ емитувана на 19 март 2025 година во 18:40 часот на ТВ Канал 5 е прикажана содржина која е спротивна на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ утврдува посебни забрани со членот 48:

„(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост

[2] Водич за мониторинг на „говорот на омразата“ – второ дополнето и изменето издание, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2024 година, достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Vodic-za-monitoring-na-govor-na-omraza-vtoro-izdanie-.pdf

или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа.

(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“

Согласно членот 10 (Слобода на изразување) од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП):

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината.

Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството.“[3]

Согласно барањето од член 48 став 2 од ЗААВМУ дека примената на одредбите со „посебните забрани ... треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права“, во конкретнава ситуација релевантни се случаите: **Хендисајд (Handyside) против Велика Британија** и **Младина, Љубљана против Словенија[4].**

Во пресудата за случајот Хендисајд против Обединетото Кралство, ЕСЧП утврдил дека забраната наметната од страна на британските власти според Законот за непристојни публикации врз книгата насловена Малиот црвен учебник (Little Red SchoolBook) е во согласност со исклучокот утврден во член 10 став 2 и оти член 10 не важи само за „информациите или идеите кои се примаат поволно или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој дел од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и слободоумноста без кои нема демократско општество“.[5]

Со пресудата за случајот Младина, Љубљана против Словенија ЕСЧП утврдил дека дури и контроверзни изјави се допуштени како дел од политичката дебата за прашања од јавен интерес и во таков контекст, дозволени се многу малку ограничувања на правото на слобода на изразување. Судот повтори дека новинарската слобода може да значи одредено претерување, па дури и провокација. Дури и навредливиот јазик, кој во принцип не ужива заштита на правото на слобода на изразување доколку навредата е нејзината единствена цел, може да биде заштитен со тоа право доколку има чисто стилска цел.

---

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

[4] Достапно на македонски јазик на: http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-141062

[5] Водич за мониторинг на „говорот на омразата“ – второ дополнето и изменето издание, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2024 година, достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Vodic-za-monitoring-na-govor-na-omraza-vtoro-izdanie-.pdf

Александар Видиновски во својата куса анализа зборува за потребата од длабоки, суштински општествени промени, не само кај политичарите, туку и кај граѓаните. Неговата теза е дека културните и историските искуства на народите, особено периодите на ропство или туѓо владеење, влијаат на начинот на кој тие подоцна ја практикуваат својата слобода.

Според него, народите кои биле долго време под ропство ја пресликуваат логиката на своите поранешни угнетувачи во своето однесување кога ќе се ослободат. Тој прави споредба меѓу оние кои биле под Османлиското Царство, каде што однесувањето било повеќе анархично и авторитарно, и оние кои биле под Австро-Унгарија, каде што редот и дисциплината биле посилно вкоренети.

Видиновски не зборува за Турците како народ денес, туку за однесувањето на османлиските власти во минатото. Ова е историски факт, а не стереотипна генерализација за турскиот народ. Во неговите зборови нема елементи што директно или индиректно поттикнуваат омраза, агресија или непријателство кон Турците, ниту пак ги прикажува како инфериорни или негативни.

Со оваа паралела, Видиновски всушност упатува на проблемите во современото македонско општество, каде што дел од политичката и општествената култура сè уште носи остатоци од тие историски модели. Неговата поента е дека веќе нема оправдување за ваквите обрасци на однесување – поминало доволно време, и е потребна промена во начинот на размислување и функционирање. Со оваа изјава тој поставува важно прашање: каде да ја најдеме силата за да ја направиме оваа промена? Видиновски поттикнува на размислување за тоа како граѓаните и општеството можат да излезат од старите модели и да изградат нова, подобра култура на живеење и управување.

Како што е наведено во публикацијата „Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и практика“, Европскиот суд за човекови права, при практичната примена на трипартитниот тест, најпрвин утврдува дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, и доколку не е, понатамошното испитување се запира (т.е. не се навлегува во утврдување дали ограничувањето е насочено кон остварување легитимна цел, и дали е неопходно во едно демократско општество)[6].

**Врз основа на сето ова може да се заклучи дека не е исполнет трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права, односно - ограничувањето на слободата на изразување не е пропишано со закон. Оттаму, не е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во смисла на поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз етничка припадност. Воедно, по спроведениот надзор не е констатирано прекршување ниту на начелата за вршење на дејноста од член 47-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**8.** Опис на прекршувањето: /

**9.** Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***

[6] Ристески Т., Медарски Ф. и Стојковски А. „Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и практика“- Скопје : Институт за човекови права, 2017, стр. 17 достапно на: https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Pravo_na_slobodata_na_izrazuvanje_MK_web.pdf